Непрофитна организација за стипендирање на студенти и поддршка на научно истражувачки активности Фондација ПЕКСИМ
Бр. 05-52/2022
26.04. 2022 год.
СКОПЈЕ

# ДЕЛОВЕН ИЗВЕШТАЈ

за периодот од 01.01.2021 до 31.12.2021 година

1. Општи податоци за организацијата со статус од јавен интерес

1.1 Назив на здружението и фондацијата од јавен интерес:
ФОНДАЦИЈА ПЕКСИМ

1.2 Седиште: Народен Фронт бр.17, 1000 Скопје

1.3 Податоци за контакт: fondacija.pexim@yahoo.com и contactus@peximfoundation.org

1.4 Дејност од јавен интерес: Наука, образование и обука во образовниот процес

1.5 Години на дејствување: 2010-2021

1.6 Ниво на дејствување: национално

1.7 Организациска структура: Одбор составен од 4 члена , Директор и Надзорен Одбор составен од 3 члена

1.8 Човечки ресурси: Фондацијата нема вработени. Сите активности на Фондацијата моментално ги извршуваат нејзините Алумнисти (тоа се стипендисти кои ги завршиле нивните Мастер студии на Кембриџ и се вратиле во Македонија и Србија). Тие овие активности ги обавуваат на волонтерска основа во соработка со ПЕКСИМ алумнистите од Србија. Покрај тоа Алумнистите имаат поддршка од Управниот Одбор на Фондацијата и Извршниот директор кои исто така ги извршуваат активностите на водењето на Фондацијата про боно.

1.9 Членство во домашни и меѓународни мрежи

Основен партнер на Фондацијата во нејзината работа, со кој е потпишан Договор за соработка во 2010 година и на основа на кој сите стипендии за Мастер студии се финансираат по принцип 50-50, е Cambridge Overseas Trust (COT), кој сега се вика само Cambridge Trust. Cambridge Trust е фонд на Универзитетот Кембриџ за стипендирање на сите студенти вон Велика Британија. Договорот за соработка со Cambridge Trust траеше до 2015 година, а во април 2015 година, Пексим Фондацијата потпиша нов петтогодишен договор за соработка. Договорот е потпишан од страна на претседателот на Пексим Фондацијата Михаил Петрески и директорката на фондот Cambridge Trust, Хелен Пенант, со важност на период од 5 години (2015-2020). Во јануари 2020 се потпиша уште еден Меморандум за наредно пролонгирање на соработката во следните 5 години, што значи со важност до 2025 година. Договорот предвидува да Пексим Фондацијата и СТ, заеднички во однос 50:50 ги делат трошоците за до 5 студенти од Македонија и Србија, кои своите студии планираат да ги продолжат на Универзитетот Кембриџ. При тоа, новиот договор предвидува дека право на стипендија ќе може да остварат студентите кои се примени на едногодишни мастер студии на Кембриџ, во согласност со целта на Пексим Фодацијата, да преку стипендијата се помогне што поголем број на студенти кои би се вратиле после студирањето, стекнатото знаење да го применат во земјата од која потекнуваат.
Во текот на 2021-та година продолжува соработката со компанијата НИС , која што е спонзор на Кембриџ вечерата.

Единствениот нов договор што е потпишан за партнерство е оној со организацијата наречена Креативно менторство за нашата програма за менторство што е потпишан кон крајот на 2020 година, а се однесува во текот на 2021 година.

Фондацијата има потпишано уште еден партнерски договор за стипендирање на студенти а тоа е компанијата CWP Global.

Во 2021-та година не е потпишан ниту еден нов договор за спонзорство. Некои нови договори за спонзорство треба да се склучат во 2021-ва година.

Покрај претставувањето на можностите за студирање во странство, намерата на предавањата била и подигање на видливоста на ПЕКСИМ Фондацијата, со цел да поголем број на студенти да конкурираат за студии на Кембриџ.

## 2 Буџет

### 2.1 Вкупен буџет:

Вкупните приходи за 2021 година се во износ од 23.261,00 денари од кои :

- сите 23.261,00 денари произлегуваат од пренесениот дел од вишокот на приходите од минатата година.

Учеството на поединечните приходи во вкупните приходи на Фондацијата за 2021 година во проценти изгледа вака:

- 100% пренесениот дел од вишокот

### 2.2. Извори на финансирање:

Вкупните приходи за 2021 година произлегуваат од пренесените приходи од минатата година кои се пренесуваат повеќе години .Освен нив во текот на 2017-та година 500.000,00 денари се добиени како донација. Овие средства се користат исклучиво за обезбедување на стипендии за наредни генерации на студенти и за покривање на тековните трошоци од работењето.

## 3 Резиме на програмата за работа

Во 2021година, фондацијата нема доделено стипендии на Македонски студенти.

Единствената мисија на Фондацијата е да се стипендираат студенти кои добиле понуда од Универзитетот Кембриџ да ги завршат своите Мастер студии таму, па после завршените студии студентите треба да се вратат во својата земја и да се вработат со што би допринеле во нејзиниот развој.

Покрај тоа што Фондацијата им обезбедува стипендија, Фондацијата исто така помага во наоѓање на работа на своите стипендисти кога ќе се вратат назад. Единствениот проект кој беше традиционален а тоа е Годишна ПЕКСИМ Кембриџ вечера во 2021 година не се одржа заради моменталната ситуација на пандемија. Во нормални околности, овој мај ќе го одбележеше своето десетто издание. Меѓутоа, во времето кога земјите сѐ уште се борат со пандемијата со ограничувања за патување и големи собири, англискиот тревник на колеџот Тринити и елегантните костуми ги заменивме за природен пејзаж и лежерна облека, така што беше организиран ден за планинарење по кружната патека на планината Космај. За време на прошетката, нашиот тим ги засука ракавите и го собра ѓубрето што го најде по пат.

-име на проектот –Годишна ПЕКСИМ Кембриџ вечера

-цел на проектот- Собир на сите студенти од Македонија и Србија кои студираат( дипломски, постдипломски и докторски студии) на Универзитетот во Кембриџ, како и на овластени лица од Универзитетот и запознавање со компаниите кои би им биле евентуални потенцијални работодавачи, како би овозможиле што повеќе од тие студенти по завршувањето да се вратат во својата земја. Важноста на проектот за општеството и усогласеноста на проектот со мисијата на Фондацијата е тоа дека е од јавен интерес т.е Фондацијата со овој проект ги информира реномираните домашни и странски компании, како и претставниците на Владата на РМ, за своите активности и студентите од Македонија (како и Србија) на Кембриџ. Компаниите кои се заинтересирани за талентираните студенти, присуствуваат на вечерата, каде што имаат прилика да ги запознаат, да разговараат со нив во неформална атмосфера и евентуално да им понудат работа како резултат на тој разговор во матичната земја. Со ова ПЕКСИМ фондацијата се обидува да пронајде вработување на што поголем број студенти од Кембриџ, како би се спречил понатамошен одлив на мозоци "brain drain" , и како би се вратиле што повеќе студенти во Македонија.

- Цел на проектот: Претставување информации за одење во странство и стипендирање, со посебен акцент на студирање во Велика Британија.
- Промоција на Македонија и Србија и враќање на што поголем број на млади, талентирани луѓе од Македонија во својата родна земја.

  Причина за реализација на проектот: Подигање на присутноста и видливоста на Пексим Фондацијата во Македонија и Србија. Промоција на Универзитетот Кембриџ во Македнија и Србија.
- Целна група: Сите студенти од Македонија и Србија кои размислуваат за студирање во странство, како и сите студенти кои не се запознаени со можностите за студирање во странство.
- Област која е опфатена: Вработување на стипендистите и останатите студенти од Македонија и Србија кои студирале , односно студираат на Кембриџ.
- Период за кој се однесува проектот: ПЕКСИМ КЕМБРИЏ вечерата е настан кој се организира еднаш годишно, вообичаено во првата недела на месец мај, на Trinity College, Cambridge.
- Партнери на проектот: компанијата НИС, Microsoft и Британско-Српската Стопанска комора, као и повеќегодишниот партнер, Cambridge Trust.

- Извори на средства за финансирање : котизација за вечера и спонзорство на компанијата НИС.

  Заклучоци и планови за иднината на проектот: Овој проект ја преставува идејата и основата за зголемување на видливоста на Пексим Фондацијата на факултетите во Северна Македонија и Србија, со цел на што поголем број на студенти да им се претстави можноста за студирање на Кембриџ. Идејата е да во наредните години се зголеми видливоста на фондацијата на новите генерации на студенти.

  Фондацијата не даваше стипендии за академската 2021/22 година. Заради епидемиолошките причини Универзитетот во Кембриџ воведе мерки кои ги ограничуваат дриштвените активности во живо, и наставата во главно се одвиваше on-line. Управниот одбор сметаше дека студентите нема да имаат прилика во вистинска мерка да го осетат искуството на студирањето на овој престижен универзитет и да добијат полна вредност заради која се пријавиле на овој универзитет, така што беше одлучено да се паузира со програмата на стипендирање додека епидемиолошката ситуација во светот не се стабилизира.

  Наспроти пандемијата, алумнистите на ПЕКСИМ Фондацијата ги продолжија своите менторски предавања и работилници во форма на webinar-и, но и преку делење на искуства и корисни информации по пат на социјалните мрежи. Во текот на 2021 година исто така е

започната менторска иницијатива 1 на 1 каде што студентите во Србија имаа прилика да добијат свој личен ментор од редовите на Пексим Алимнистите.
Програмата е организирана во соработка со Организацијата за креативно менторство и првенствено е наменета за завршени студенти од Србија и Македонија и оние на самиот почеток на нивната кариера. Целта на програмата е да се додели личен ментор од алумни тимот на Фондацијата на секој од апликантите. Се очекува двојките за менторство да соработуваат преку полуструктурирана едногодишна програма за менторство.
Улогата на менторите е од најголема важност во професионалниот и личниот развој на младите. Како некој кој веќе го поминал патот по кој треба да оди кандидатот, менторите се совршено позиционирани да го поддржат професионалниот раст на кандидатите преку споделување на нивните совети за кариера и пристап до нивните професионални мрежи, притоа укажувајќи на можностите и предизвиците со кои се соочуваат на нивните кариерни патеки. Менторите, исто така, ги поддржуваа кандидатите во нивниот личен развој преку идентификување на силните страни на кандидатите, зајакнување на тие силни страни и посочување на областите за раст.
Апликациите беа собрани во текот на 2020 година, а програмата беше реализирана во текот на 2021 година.

Еден од најновите напори на Фондацијата PEXIM е создавање на база на податоци за стипендии за студирање во Соединетите Американски Држави (САД), преземена во соработка со Клубот за студии на случај на Факултетот за организациони науки на Универзитетот во Белград. Овој потфат го сметаме за продолжување на нашата главна цел - олеснување на пристапот на младите до образование со цел да се вратат дома за да го искористат стекнатото знаење за поттикнување на социјалниот и економскиот развој на Србија и Северна Македонија. Имајќи го ова на ум, презентиравме база на податоци за стипендии достапни за српски и северномакедонски студенти заинтересирани да студираат во САД. Стипендиите се поделени во четири групи, врз основа на нивниот извор на финансирање: (1) академски, (2) владини, (3) невладини и (4) стипендии на компании. Базата на податоци вклучува 250 универзитети кои нудат стипендии за додипломски студии и 150 универзитети кои нудат стипендии за магистерски. Оваа листа не е исцрпна и има за цел да обезбеди почетна точка за истражувањето. Критериумите за избор се засноваат на листата на US News & World Report на најдобрите универзитети во САД.

## 4 Транспарентност и отчетност

Вкупните приходи за 2021 година произлегуваат од пренесените приходи од минатата година кој е всушност остатокот од донацијата од 500.000,00 денари. Остатокот од донацијата е во износ од 3.622,00 ден.
Бидејќи Фондацијата речиси и да нема никакви активности, не постои судир на интереси.
Не е поведена постапка за стечај или ливидација на Фондацијата.

Во текот на 2021 година единствена статусна промени во работата на Фондацијата беше именување на нов Извршен директор: на местото на Тијана Гајиќ беше назначен Душан Савиќ за директор на Фондацијата во Белград. Не постои забрана за работа на Фондацијата во согласност со Законот, ниту постојат блокирани трансакциски сметки. Финансиските извештаи се објавуваат на веб страната на Фондацијата на линкот http://www.peximfoundation.org/about-us/our-impact/financial-reports/ , а исто така и

Деловните годишни извештаи се објавуваат на веб страната на следниов линк http://www.peximfoundation.org/about-us/our-impact/anual-reports/

Извештаите за 2021 година се објавени на истата страна.

| Место | Датум |
|---|---|
| Скопје, | 26.04.2022 |

Лице одговорно за составување
на извештајот

Своерачен потпис

НЕТ ПРОФИТ

Одговорно лице на организацијата со статус од јавен интерес

М.П.
Своерачен потпис

Фондација
ПЕКСИМ
Скопје